Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**
**Бр. 04-** 25678/20-1
02-10-2020 **година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 55 став 1 и 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, бр.44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016), и Записникот од работата на Комисијата за спроведување на постапката за избор на кандидати по објавениот Јавен оглас бр.2/2020 година за вработување на определено време во МНР бр.04-25445/20-2 од 01.10.2020 година, Министерот за надворешни работи донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по објавен јавен оглас**

1. За пополнување на работно место Посебен советник за прашања поврзани со Европската Унија и НАТО во Кабинетот на Министерот за надворешни работи, се избира
   - **Мирослав Саздовски**
2. Именуваниот ќе се вработи на работното место од точка 1 на оваа Одлука врз основа на Договор за вработување на определено време.
3. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за спроведување на постапката за избор на кандидати по објавениот Јавен оглас бр.2/2020 година за вработување на определено време во МНР, формирана со решение на МНР бр.04-25445/20-1 од 01.10.2020 година, во Записникот бр.04-25445/20-2 од 01.10.2020 година, констатира дека на јавниот оглас за вработување на посебен советник за прашања поврзани со Европската Унија и НАТО конкурирал само еден кандидат, кој воедно ги исполнува условите предвидени со огласот.

Комисијата преку прибирањето на одговори, коментари, ставови, гледишта, оценки, сугестии и тези, од страна на кандидатот, како и ценејќи го искуството поврзано со прашања поврзани со Европската Унија и НАТО, на Министерот за надворешни работи му предложи, Мирослав Саздовски да биде избран за пополнување на наведеното работно место.

Министерот за надворешни работи, по претходно спроведената постапка, ценејќи дека именуваниот успешно ќе ги извршува работите од надлежност на работното место за кое се избира, донесе одлука како во диспозитивот.

**Првана поука:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката преку Министерството за надворешни работи.

**МИНИСТЕР**
**Бујар Османи**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
СКОПЈЕ

И/ ААлијевски
К/НО ЗТашковска
С/ Дир. ЉСпахиу
О/ДСек. ЗПопов